Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК) на седницата што се одржа на 28.10.2021 година, усвои предлози за измени и дополнувања на членови од предлог Законот за безбедност на мрежи и информациски системи.

Истите се подготвени особено имајќи ги предвид:

- Програмата за работа на Владата за периодот 2020-2024,
- Предлог текстот на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи,
- Предлог текстот на Националната ИКТ стратегија,
- Националниот оперативен бродбенд план усвоен од страна на Владата на 1 Април 2019 година (https://bco.mioa.gov.mk/?page_id=214)
- Мислењето на НКБК за надлежности на Дигиталната Агенција(https://bco.mioa.gov.mk/?page_id=35),
- Препораки за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење на постоечка кабелска канализација“ на НКБК усвоени од Владата (https://bco.mioa.gov.mk/?page_id=35),
- Обрасци за попис на оптичка инфраструктура усвоени од НКБК (https://bco.mioa.gov.mk/?page_id=35),
- Законот за основање на ЈП Македонска радиодифузија,
- Законот за електронските комуникации.

## Предлози за измени и дополнувања на членови од предлог Законот за безбедност на мрежи и информациски системи

I. Во членот 5 (Дефиниции) на предлог текстот на Законот за безбедност на мрежи и информациски системи, да се содржат следните дефиниции:

“**Национална транспортна оптичка мрежа**(во натамошниот текст: НТОМ) е електронска комуникациска мрежа која во најголем дел претставувафизичка инфраструктураобезбедена од Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, согласно закон.

**Обезбедување физичка инфраструктура**е изградба, работа или управување со физичка инфраструктура или овозможување достапност на физичка инфраструктура од страна на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија

**Физичка инфраструктура на НТОМ** е секој елемент кој не е активен како цевки, столбови, канали, контролни комори, шахти, кабинети, згради или влезови во згради, антенски инсталации, кули и нивни придружни средства, кабелски канализации/слободни капацитети во кабелски канализации, кабли и неискористени оптички влакна со кои управува Јавното претпријатие Македонска радиодифузија

**Електронска комуникациска мрежа за потребите на јавните институции (во понатамошниот текст: Владина оптичка мрежа)** е електронска комуникациска мрежа која се состои од физичка инфраструктура на НТОМ со која управува Јавното претпријатие Македонска

радиодифузија и активна опрема за чија набавка, поставување, управување, надзор и одржување е надлежна Дигиталната агенција согласно овој закон.“

II. Членот 25 да гласи и содржи:

**“Надлежности на Дигиталната агенција од областа на управувањето со Владината оптичка мрежа**

**Член 25**

Дигиталната агенција е надлежна за следните работи од областа на управувањето со Владината оптичка мрежа:

- спроведување на политиката и на пропишаните правила за поврзување на јавните институции на Владината оптичка мрежа,
- спроведување на политиката и на пропишаните правила за поврзување помеѓу затворените мрежи на различни јавни институции,
- спроведување на политиката и на пропишаните правила за поврзување на јавните институции до јавниот интернет,
- спроведување на политиката и на пропишаните правила за обезбедување интерни електронски комуникациски услуги за потребите на јавните институции,
- управување со користењето на слободните оптички кабли/влакна и другите капацитети на физичката инфраструктура на НТОМ наменета за поврзување на јавните институции,
- издавање на одобренија за приклучување на јавните институции на Владината оптичка мрежа,
- вршење набавка, одржување, поставување, управување и надзор со активната опрема и другите придружни средства на Владината оптичка мрежа,
- во соработка со НКБК давање мислења и предлози на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија во однос на плановите и програмите за изградба на физичката инфраструктура на НТОМ,
- обезбедување служба за електронски мониторингна функционирањето на инсталираната активна опрема и други средства на Владината оптичка мрежа,
- обезбедување служба за поддршка и информации за потребите на јавните институции во однос на услугите кои им се обезбедуваат преку Владината оптичка мрежа,
- обезбедување безбедност, интегритет, доверливост и континуитет на Владината оптичка мрежа и услуги, и
- соработка со МИОА, НКБК, АЕК, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, МАРнет, правните лица кои управуваат со оптичката инфраструктура изградена со јавни средства и други најдлежни институции.“

III. Членот 27да гласи и содржи:

## “IV.Поврзување на јавните институции на Владината оптичка мрежа

### Член 27

(1) Поврзување на јавните институции на Владината оптичка мрежа се врши преку поставување/обезбедување на: физичка инфраструктура и активна комуникациска опрема и други придружни средства.

(2) Физичката инфраструктура на Владината оптичка мрежа е физичката инфраструктура на НТОМ наменета за поврзување на јавните институции која ја обезбедува Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, согласно одредбите од Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија и овој закон.

(3) Јавното претпријатие Македонска радиодифузијаплатформата за мапирање на јавните институции и физичката инфраструктура на НТОМ која ја обезбедува согласно Законот за основање на Јавно претпријатие Македонска радиодифузија, ја прави достапна за Дигиталната Агенција, МИОА, НКБК, АЕК и други надлежни јавни институции, заради спроведување на нивните законски утврдени надлежности.

(4) Мрежните јазли на Владината оптичка мрежа ги опфаќа мрежните јазли на НТОМ наменети за поврзување на јавните институции.

(5) Мрежните јазли на Владината оптичка мрежа ги утврдува и со истите управува Дигиталната агенција во соработка со Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

(6) Дигиталната агенција до Јавното претпријатие Македонска радиодифузија по добиено барање од јавните институции и/или согласно усвоените тригодишни планови согласно член 28 од овој закон, доставува барања за обезбедување физичка инфраструктура за поврзување на Владината оптичка мрежа.

(7) Барањата од ставот (6) на овој член може да бидат за:
- обезбедување физичка инфраструктура за поврзување на јавни институции;
- обезбедување физичка инфраструктура за поврзување помеѓу мрежни јазли;
- обезбедување физичка инфраструктура за поврзување помеѓу одредени точки/локации.
- рок во кој треба да се обезбеди физичката инфраструктура за поврзување.

(8) Јавното претпријатие Македонска радиодифузија е должно да постапи по барањето од ставот (6) на овој член а во случај на невоспоставена физичка инфраструктура за поврзување на НТОМ, во рок од 10 дена од добивањето на барањето ќе ја извести Дигиталната агенција за истото и ќе предложи нов рок за реализација на барањето. При тоа Јавното претпријатие Македонска радиодифузија постапува согласно „Препораки за поставување на кабелска канализација финансирана со јавни средства, како и користење

на постоечка кабелска канализација“на НКБК усвоени од Владата или купување на постојна физичка инфраструктура.

(9) По обезбедувањето на физичка инфраструктура за поврзување согласно барањето од ставот (6) на овој член, Јавното претпријатие Македонска радиодифузијаво рок од 10 дена ја известува Дигиталната агенција.

(10) Дигиталната агенција во рок од 10 дена од денот на добиеното известување согласно ставот (9) на овој член, издава одобрение на јавната институција за поврзување на Владината оптичка мрежа и започнува постапка за обезбедување на активна комуникациска опрема и други придружни средства.

(11) Дигиталната агенција го известува Јавното претпријатие Македонска радиодифузијаза можен дефект во физичка инфраструктура од ставот (2) на овој член.

(12) Дигиталната агенција врши набавка, поставување, управување, надзор и одржување на активната комуникациска опрема и другите придружни средства за потребите за поврзување на јавните институции и податочните центри во мрежните јазли на Владината оптичка мрежа, согласно одредбите од овој закон.

IV. Членот 28да гласи и содржи:

**“Развој, консолидација и управување соВладина оптичка мрежа**

**Член 28**

(1) Дигиталната агенција до Владата предлага за усвојување тригодишни планови за развој на Владината оптичка мрежа.

(2) Во подготовката на плановите од ставот (1) на овој член се земаат предвид: Владините усвоени стратегии, планови, препораки поврзани со развојот на информатичкото општество, националното законодавство и регулатива на пазарот на електронски комуникации, законодавството и стратешките документи на ЕУ за развојот на информатичкото општество, препораки на НКБК, итн.

(3) Во подготовката на плановите од ставот (1) на овој член Дигиталната агенција соработува со МИОА, НКБК, Јавното претпријатие Македонска радиодифузија, МАРнет, други најдлежни институции, правни лица кои управуваат со оптичка инфраструктура изградена со јавни средства, а може да користи и надворешна стручна помош.

(4) Во плановите од ставот (1) на овој член покрај другото треба да биде содржано постојно и идно:

- поврзување на јавните институции,
- надградба на постојното поврзување на јавните институции;

- миграција на постојни поврзувања на јавни институции преку изнајмена инфраструктура и услуги од оператори на поврзување на Владината оптичка мрежа и услуги;
- поврзување помеѓу затворените мрежи на различни јавни институции,
- поврзување на јавните институции до јавниот интернет,
- интерни електронски комуникациски услуги кои Дигиталната агенција ги обезбедува за потребите на јавните институции,
- искористување на слободна оптичка инфраструктура во државата изградена со буџетски средства, нивна консолидација и оптимизација, и
- обезбедување безбедност, интегритет, доверливост и континуитет на Владината оптичка мрежа и услуги.

(5) Со цел да не се дуплираат инфраструктурите како и со цел обезбедување што помало користење на буџетски средства од државата, развојот на Владината оптичка мрежа, односно развојот на физичката инфраструктура на НТОМтреба да се обезбедува преку максимално искористување на слободните капацитети на оптичка инфраструктура (слободни оптички кабли/влакна, кабелска канализација, итн) во државата изградена со буџетски средства, нивна консолидација и оптимизација.

(6) Реализацијата на ставот (5) од овој член се овозможува преку единствен Регистар на оптичка инфраструктура изградена со буџетски средства на територијата на државата што го обезбедува Јавното претпријатие Македонска радиодифузија.

(7) Регистарот од ставот (6) од овој член треба да содржи податоци особено за: правните лица кои управуваат со оптичката инфраструктурата, видот на кабелот/влакната/кабелската канализација, нивните расположливи капацитети, квалитетот на истите, нивно постојно користење со податоци за субјектот кој истите ги користи и за која намена, нивно планирано користење и за која намена согласно Обрасците за попис на оптичка инфраструктура усвоени од НКБК.

(8) Регистарот од ставот (6) од овој член треба најмалку два пати годишно да се ажурира, а пристап до истиот Јавното претпријатие Македонска радиодифузија им обезбедува на Дигиталната агенција, МИОА, НКБК, АЕК и други надлежни јавни институции, заради спроведување на нивните законски утврдени надлежности.

(9) Дигиталната агенција во соработка со НКБК и Јавното претпријатие Македонска радиодифузија согласно усвоените тригодишни планови управува со користењето на слободните оптички кабли/влакна и другите капацитети на физичката инфраструктура на НТОМ наменета за поврзување на јавните институции.

(10) Дигиталната агенција во соработка со НКБК по добиено барање дава мислење за користење иразвој на слободни капацитети на физичка инфраструктура на НТОМ која не е наменета за поврзување на јавните институции.

(11) Во Дигиталната агенција се формира посебна организациска единица за развој и управување на Владината оптичка мрежа.